45284




Игор Тодоровски

Наместо леб и сол, за добредојде - чаша пијалак. Лордот го сака белото вино



Прошетка низ изложбата на македонската колекција со стручна помош на директорот на МСУ, Зоран Петровски. Средба со „третиот човек“

# Чувајте го културното богатство

*Минатата недела Скопје беше домаќин на лордот Расел Џонсон, претседател на Парламентарното собрание на Советот на Европа. Во македонското собрание лордот им се обрати на овдешните пратеници и, изделувајќи ја Македонија како позитивен пример среде балканското безумие, потенцираше: „Чувајте го културното богатство и човечките потенцијали“. По долгите и напорни државнички средби, лордот, како извонреден познавач на уметноста, посака да го посети Музејот на современа уметност, по што, во разговор за „Македонија денес“, истакна дека уметноста дава сосема поинаква слика за овој дел од светот, што меѓународната заедница го поистоветува единствено со неискажлива и неразумна суровост. Ова е фото-приказ на неговата посета на МСУ.*
*Строго планираниот термин за посета на Музејот од 11,40 до 12,40 часот беше пролонгиран за уште половина час. Како и секогаш, средбата со уметноста е попријатна од политичките дијалози*



Лордот Џонсон и Милчо Манчевски во дијалог за уметноста



Прошетка низ изложбата од интернационалната колекција на Музејот. Пикасо во Македонија, какво пријатно изненадување!



Сликарот Александар Станковски ги толкува новите тенденции во современата македонска уметност



Во продажната галерија на Музејот пред триптихот на Славчо Соколовски - „Ја разбира ли публиката Вашата порака?“, го праша лордот авторот на делото

ВИТЛИТЕ НА УМЕТНОСТА НЕ КРЕВААТ НАД БАНАЛНОСТА

 б76